Совет на Град Скопје
Këshilli i Qytetit të Shkupit

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА - СКОПЈЕ
NDËRMARRIJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKA - SHKUP

| Примено: Pranuar: 28.04.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 947 | 1 | |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02), Советот на Град Скопје на деветтата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КАСНУВАЊЕ ОД БЕЗДОМНИ КУЧИЊА

## Член 1

(1) Со оваа одлука се утврдува надоместок на материјална и нематеријална штета (во натамошен текст: штета) што го исплаќаат Град Скопје и ЈП ЛАЈКА Скопје на граѓани предизвикана од каснување на бездомни кучиња, случена на јавни површини на подрачјето на град Скопје.

(2) Под јавни површини од став (1) на овој член се сметаат површините утврдени со член 2 од Одлуката за комунален ред во градот Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/14, 4/19 и 7/19).

(3) Под каснување од бездомни кучиња се подразбира угриз и нанесени гребаници врз телото на оштетените граѓани.

## Член 2

(1) Висината на надоместокот од член 1 став (1) на оваа одлука не може да биде повисока од 100.000,00 денари.

(2) Средствата од став (1) на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје.

## Член 3

(1) Начинот и постапката за утврдување и исплата на надоместокот на штета на граѓани предизвикана од каснување од бездомни кучиња на јавните површини на подрачјето на Град Скопје поблиску ќе се уреди со правилник.

1000 Скопје, Илинден бр. 82
Република Северна Македонија
тел: +389 02/ 3297-200, 3297-207
факс: +389 02/ 3116-169

1000 Shkup, Ilinden nr. 82
Republika e Maqedonisë së Veriut
tel: +389 02/ 3297-200, 3297-207
faks: +389 02/ 3116-169

(2) Правилникот од став (1) на овој член ќе го донесе Градоначалникот на Град Скопје во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 4**

Градоначалникот на Град Скопје со решение формира Комисија за постапување по барања за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња на граѓани на јавните површини на подрачјето на град Скопје (во натамошен текст: Комисија).

**Член 5**

(1) Врз основа на предлог на Комисијата од член 4 на оваа одлука, Градоначалникот на Град Скопје и Директорот на ЈП ЛАЈКА Скопје, со подносителот на барањето за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња, ќе склучи спогодба за исплата на соодветен справедлив износ.

(2) За барањата за надоместок на штета предизвикана од каснувања од бездомни кучиња поднесени до Град Скопје преку адвокат, Градот Скопје не исплаќа средства за адвокатски трошоци на барателот направени со поднесеното барање.

**Член 6**

(1) Постапката за утврдување на висината, исплатата и начинот на решавање на барањата од граѓаните за надоместок на штета ќе се применува и на започнати судски постапки против Градот Скопје и ЈП ЛАЈКА Скопје за надомест на штета предизвикана од каснување на бездомни кучиња, доколку за тоа страните се согласат.

(2) За судските постапки од ставот (1) на овој член, кои ќе завршат со склучување на спогодба за исплата на справедлив износ на барателите, Градот Скопје ќе ги исплати настанатите трошоците на тужителите во судската постапка, се до нејзиното запирање.

**Член 7**

(1) Организациска поддршка на Комисијата од член 4 на оваа одлука ќе биде обезбедена од администрацијата на Град Скопје.

(2) Висината на надоместокот на членовите на Комисијата се определува со правилникот од член 3 став (1) на оваа одлука.

(3) Средствата од став (2) на овој член ќе бидат обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 27- 4358/1
20 април 2022 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KËSHILLI I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Трајко Славески Trajko Sllaveski